РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ
"СВЕТИ АПОСТОЛ ПАВЛЕ" - ОХРИД
Бр. 09-104/3
16. 02 2026 год.
ОХРИД

УНИВЕРЗИТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ (УИНТ) „СВЕТИ АПОСТОЛ ПАВЛЕ"
ОХРИД
објавува
КОНКУРС
ВО РАМКИ НА ПРОГРАМАТА ЕРАЗМУС+
АКЦИЈА 1: ИНДИВИДУАЛНА МОБИЛНОСТ ЗА НАСТАВЕН КАДАР
проект 2024-1-MK01-KA131-HED-000195805

Во рамките на програмата ЕРАЗМУС+ на Европската комисија, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" Охрид, распишува Конкурс за доделување **1 (една)** стипендија за наставен кадар за предавање на високообразовните институции од земјите со кои Универзитетот има потпишано договори за меѓу-институционална соработка во земјите на Европската Унија, Турција и Србија.

Листата на универзитети со кои УИНТ има потпишано договори за меѓу-институционална соработка можете да ја видите на веб страната http://uist.edu.mk/erasmus/erasmus-partner-universities/._Конкурсот согласно правилата на Еразмус КА131 програмата се однесува само за мобилности во земјите на Европската Унија +Турција + Србија.

Мобилноста за наставниот кадар е во времетраење од максимум 5 работни дена за мобилност заклучно со 31.05. 2026 година.

Апликациите за учество задолжително треба да содржат:

- Формулар за апликација (Прилог 1)
- Биографија (Прилог 2)
- Acceptance Letter од институцијата каде е планирана мобилноста (Апликантите се задолжени да ја контактираат високообразовната институција каде ја планираат мобилноста и од истата да добијат Acceptance Letter за реализација на истата. Овој документ служи како потврда дека странската високообразовна институција (институцијата домаќин) ја прифаќа мобилноста на кандидатот, и служи во процесот на апликација на овој Конкурс). Во ова писмо, апликантот мора да наведе број на наставни часови кои ќе ги одржи на институцијата домаќин.

Селекцијата на кандидатите ќе ја врши Комисија за селекција на мобилност за обуки на наставен кадар согласно правилата за мобилност на Еразмус + програмата и податоците наведени во Прилог 1 и 2, како и согласно одредбите наведени во Правилникот за мобилности на студенти и кадар на Универзитетот за информатички науки и технологии "Св. Апостол Павле" Охрид – УИНТ, (Членови, 24, 25, 26 и 27).

Процес на номинација на високообразовната институција – домаќин. Врз основа на резултатите од Комисијата за селекција, Еразмус КА131 координаторот ќе изврши номинација на избраните лица од наставниот кадар за мобилности во високообразновната институција која е наведена во апликацијата.

Финансирањето на мобилностите како и сите административни процедури ќе се вршат согласно правилата на Еразмус + програмата, односно согласно пресметката во Benericiary Module алатката на Еразмус програмата, а врз основа на број на денови и далечина. Кандидатите ќе бидат известени за резултатите за селекција во електронска форма од страна на Еразмус КА 131 координаторот на УИНТ.

Висината на грантот ќе зависи од бројот на денови за мобилност (максимум 5) и далечината согласно пресметките на Еразмус програмата која може да се провери на следниов линк: https://erasmus-plus.ec.europa.eu/resources-and-tools/distance-calculator

Конкурсот е отворен до **23.02.2026 година**. Заинтересираните апликанти треба да ги поднесат своите апликации во коверт до Координаторот за Еразмус + КА 131 (во библиотеката на Универзитетот), на ковертот треба да го наведат сопственото име и да назначат дека се работи за поднесување на апликација за учество во програмата Еразмус+.

